**20192193447**

**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 24, став (1), точка 1), алинеја 7 и член 29 став (1), од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 22 октомври 2019 година, донесе

**ТАРИФЕН СИСТЕМ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ТАРИФЕН СИСТЕМ ЗА ПРОДАЖБА НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА**

Член 1

(1) Во Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.65/19), во член 2 став (1) точката 3) се менува и гласи:

„категорија на потрошувачи домаќинство“ се потрошувачи што набавуваат топлинска енергија за потребите во домаќинството,односно потрошувачи кои топлинската енергија ја користат за греење на станбениот простор наменет исклучиво за домување, како и потрошувачи кои топлинската енергија ја користат за греење на станбени објекти за посебни намени наменети за времено сместување на лица во социјален ризик согласно со прописите за социјална заштита, објекти за сместување на самци, работнички, воспитни и пензионерски домови, домови за згрижување на стари и изнемоштени лица и домови за инвалиди и терапевтски групи, домови за згрижување на деца, народни кујни и верски објекти во кои не се врши стопанска дејност, но не и за потребите на комерцијалните дејности.“

(2) Во член 2 став (1) , точката 4) се менува и гласи:

„категорија на потрошувачи образование“ се потрошувачи кои топлинската енергија ја користат за греење на просториите во основните и средните училишта, детски јасли и градинки.“

Член 2

Член 3 се менува и гласи:

**Категории на потрошувачи**

Член 3

(1) Потрошувачите се распределуваат во следниве категории на потрошувачи:

1) домаќинства,

2) образование, и

3) останати.

(2) Во категоријата на потрошувачи „домаќинства“ се опфатени следните потрошувачи:

1) потрошувачи кои топлинската енергија ја користат за греење на станбениот простор наменет исклучиво за домување,

2) станбени објекти за посебни намени наменети за времено сместување на лица во социјален ризик согласно со прописите за социјална заштита, како и објекти за сместување на самци,

3) работнички, воспитни и пензионерски домови, како и домови за згрижување на стари и изнемоштени лица и домови за инвалиди и терапевтски групи,

4) домови за згрижување на деца и народни кујни,

5) верски објекти во кои не се врши стопанска дејност.

(3) Во категоријата на потрошувачи „образование“ се потрошувачи кои топлинската енергија ја користат за греење на просториите во основните и средните училишта, детски јасли и градинки.

(4) Во категоријата на потрошувачи останати се сите останати потрошувачи кои не припаѓаат на категоријата домаќинства и категоријата образование.

(5) Релативниот однос на тарифните ставови помеѓу категориите на потрошувачи се утврдува да изнесува:

Домаќинства: Образование : Останати = 1,0 : 1,0 : 1,4

Член 4

Овој Тарифен систем влегува во сила со денот на објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 0-3272/1
22 октомври 2019 година
Скопје

Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

ISSN 0354-1622
2012017

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди“ бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2019 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Северна Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ Кочани